Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
бр. 25- 1083/1
28.02.2020 година
Велес

Совет за јавно здравје на Општина Велес

На денешната седница на Советот за јавно здравје на Општина Велес, во присуство на Др.Анастасија Ивановска, Др.Ненад Коциќ, Др.Катица Николова, Драги Ртовски и Габриела Трајковска, на која беа поканети и претставници од ЈЗУ Општа болница (Др.Божидар Бојаџиев и Др.Силвана Мишкова) и од ЈЗУ Центар за јавно здравје (Др.Билјана Трајкова), беше презентирана актуелната ситуација и насоки од надлежните институции и дадени следните препопраки:

1. Да не се создава непотребна паника кај населението(80% од заболените со корона вирус се со лесна клиничка слика, кај 20% се јавуваат компликации, а само кај 2% од заболените (најчесто над 80 години се со летален исход).

2. ЈЗУ Општа болницата и Инфективното одделение се целосно опремени (има пет соби за карантин, амбуланта со посебен влез, соба за медицински сестри и целосна медицинска опрема).

3. Се препорачува на патниците кои доаѓаат од ризичните подрачја, ДА НЕ ОДАТ НА МАТИЧЕН ЛЕКАР, туку врз основа на препораките од добиените флаери да се јават на телефоните 071/219-278 и 078/241-837 од каде ќе добијат понатамошни инструкции и ќе бидат соодветно третирани.

4. Учениците кои имаат родинини кои доаѓаат од ризичните региони (Ламбардиа, Венето, Емилиа Ромања, Пиемонто), Кина, Хонг-Конг, Иран, Јапонија, Маку, Филипини Р.Кореја, Јапонија, Сингапур, Тајван) да се изолираат во домашни услови во рок од 14 дена, со поднесување на името и презимето на роднината во своето училиште.

5. Да се зголеми степенот на лична и колективна хигиена во сите јавно-прометни површини.

6. Здравите лица да не носат заштитни маски. Само оние кои имаат дијагностицирано заболување треба да носат маски.

Советот за јавно здравје за
подрачјето на
Општина Велес